ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Тел. ++389 (0) 31 375 035/ факс: ++389 (0) 31 375 035
ул. Св. Јоаким Осоговски бр.175 1330 Крива Паланка
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЗАПИСНИК И ЗАКЛУЧОЦИ ОД КОЛЕГИУМ

Колегиумот е одржан на ден 20.10.2014 година во 9.00 часот во кабинетот на Градоначалникот.

Присутни : Градоначалник Арсенчо Алексовски, Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија Душко Арсовски,Раководител на Одделение за правни и општи работи Јаготка Николовска, Раководител на одделение за финансиски прашања Татјана Ѓоргиевска, Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина Добривој Николовски, Раководител на одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура Никола Граматиков, Раководител на одделение за инспекциски надзор Бранко Велиновски, Директор на ЈП Комуналец Крива Паланка Томе Тодоровски, Советник Александар Ангелов, Советник Игор Додевски, Виш Соработник Биљана Тасевска .

Дневен ред :
- Разгледување на реализација на тековни задолженија
- Дискусија и Насоки за реализација на задолженија
- Разно

ЗАКЛУЧОЦИ

Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура

Во врска со повик за аплицирање со проекти кој наскоро ќе се објави да се направи согледување на проектите и да се утврди со кои може да се аплицира, проекти за кои е потребна корекција (елаборат за експропријација, Проект за инфраструктура и слично) од страна на Душко Арсовски, Александар Ангелов, Никола Граматиков, Добривој Николовски и Игор Додевски. Да се земат во предвид проекти со кои ќе се изгради објект кој опслужува поголем број на население и каде е неопходна потреба од реализација. 21.10.2014

За проектот за патот во с. Жидилово да се излезе на лице место и да се даде известување до градоначалникот. Никола Граматиков 21.10.2014

Електронска верзија за проектите за Азбестно Цементни цевки и Висока Зона е обезбедена. Да се нарача проект за инфраструктура за водовод во с. Луке. Никола Граматиков 21.10.2014

До градоначалникот да се даде согледување за проектите за с. Дурачка река (канализација, уредување на речно корито и пат) со финасиска конструкција за истите и дали е потребна корекција. Да се организира состанок со сопственици на имотот во врска со елаборатот. Никола Граматиков 21.10.2014

Проектот за Бојанов Дол е одобрен да се провери дали истиот треба да биде преведен на Англиски од овластен преведувач. За проектот Висока Зона треба да се подготви измени во тек на градба на основниот проект, за скеундарната мрежа да се подготви инфраструктурен проект. Проектот за Азбестно – цементни цевки да се нанесе на урбанистички палн.Никола Граматиков 21.10.2014

За крпење на ударните дупки да се забрза постапката со приоритет за поставување на лежечки полицајци кај претходно постоечките, да се асфалтира накај гробишта, за ул. Наско Тамбурков од страна на Комуналец да се награди шахтата. Никола Граматиков 21.10.2014

За патот за Мезовски Ливади, Блаже Илиевски да излезе на лице место да ја околчи трастата да се провери дали и колку зафаќа во приватно земјиште и да се види за изградба на стена. Никола Граматиков 21.10.2014

Да се види што е потребно за регулација на долови Продолжување на регулацијата на долот кај Житен Магацин, Мини Дол и Домачки Дол Никола Граматиков 21.10.2014

Канализацијата во стара чаршија кај Стојчо да се среди и потоа да се асфалтира Никола Граматиков 21.10.2014

За патеката накај Манастирот од мотел Македонија да се даде известување до Градоначалникот за сите поединечни ставки и приближна финансиски конструкција, да се види за проект за инфрастуктура и да се обезбеди одговор од ЕВН. Во проектот да се води сметка за определување на паркинг кај Мотел Македонија. Александар Ангелов 21.10.2014

За сите улици на кои ќе се преземаат активности претходно да се направи фотографија за состојбата. Сите од одделението за комнална инфраструктура 21.10.2014

Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина

Да се контактира во врска со локациите за зградите и за куќите. Добривој Николовски 21.10.2014

Состанок во Министерството за земјоделство во Среда 14.00 во врска со урбанистичките планови. Сите раководители да се достават забелешки и прашања во надлежност на министерството Добривој Николовски 21.10.2014

Во врска со изготвувањето на општи акти за селата да се земат ажурирани подлоги од катастарот и да се определат зони за кои ќе се изготвуваат општите акти. Добривој Николовски 13.10.2014

Да се предвидат површини со зони за градба Добривој Николовски 13.10.2014

Одделение за правни и општи работи, Одделение за човечки ресурси:

Да се изготви Договор за доделување на нафтата за чистење на речните корита. Договорот да биде изготвен водејќи сметка за акциониот план. Со Решение да се назначат лица за контрола Александар Ангелов, Блаже Илиевски, Оливер Стојановски. Јаготка Николовска пренесено од претходниот колегиум

Да се контактира со ЗЕЛС во врска со набавка на софтвер за издавање на простории, за нареднот колегиум да се даде известување како точно тече постапката. При склучувањето на договорите за изнајмување на просториите во сопственост на општината да се предвиди како одделни трошоци за греење и други режиски трошоци, да се постави посебно струјно броило. Инвентарот кој би останал на користење да се евидентира од комисија. Јаготка Николовска и Татјана Ѓеоргиевска 21.10.2014

До збратимените градови да се направи известување / покана за одблежување на настани и одржување на културни настани, за да истите ги предвидат во своите програми. Игор Додевски и Душко Арсовски 21.102014

До Градоначалникот на Германскиот град Јена да се испрати допис во поглед на донација/обезбедување на возило за собирање на смет Игор Додевски 21.10.2014

При точење на гориво во возилата на општината да присуствува комисија Бранко Јовановски, Марга Мазакова и Раде Николовски . Со решение да се назначат наведените лица . Јаготка Николовска 21.10.2014

Одделение за инспекциски надзор

Да се санира накај испосницата на Св. Јоаким Осоговски во с. Градец

Да се подготви план и програма за управување со отпад Тим од ЈП Комуналец, Одделение за урбанизам, Одделение за инспекциски надзор. Бранко Велиновски и Добривој Николовски 21.10.2014

Да се организира ден на дрвото и да се определи локација кај Домачки дол за пошумување. Бранко Велиновски 21.10.2014

Пренесено од претходниот колегиум**:**

Во врска со чистењето на песочни наноси во речното корито во градското подрачје да се проучи и да се направи компаративна пракса со другите општини каков вид на документ е потребен за вршење на ваквата активност. Бранко Велиновски Добривој Николовски 13.10.2014

Да се најде начин за отстранување на стената во речното корито кај мотел Македонија, како и за отстранување на врбите од речното корито Бранко Велиновски , Томе Тодоровски 13.10.2014

Да се продолжи со активностите за чистење на пропустите. За потребите на општината да се види за ангажирање на затвореници и да се обезбеди машината од Комуналец. Бранко Велиновски 13.10.2014

Одделение за финансиски прашања

До институциите со кои заеднички се користи просторот во зградата да испрати допис во поглед на трошоците и да се обрати до ЕВН и ЈП Комуналец за издвојување на броила. Татјана Ѓеоргиевска 21.10.2014

Пренесено од претходниот колегиум:

Да се нотираат сите прашања во врска со проблемите со градежно земјиште за престојниот состанок со Директорот на катастарот. пренесено од претходниот колегиум

До градоначалникот да се достави предлог за организација на продажбата на градежното земјиште , споредбена пракса со други општини Татјана Ѓеоргиевска пренесено од претходниот колегиум.

Да се направи ребаланс на буџетот. Да се види за донесување на програми за работа од секое одделение Татјана Ѓеоргиевска и сите раководители 13.10.2014

Да се види за кредитот за проектите за школите. Татјана Ѓеоргиевска 13.10.2014

Да се определи почетна цена за закуп на просториите од страна на општинските проценители и да се предвиди поставување посебни струјни броила за просториите. 13.10.2014

За изготвување на Буџетот да се земат во предвид одржување на Форумите на заедниците. Секое одделение да ја претстави својата програма и да даде образложение на истата

До одделението за финасиски прашања навремено да се доставуваат информации за плаќања Сите раководители 13.10.2014

Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија

Да се продолжи со активностите во врска со проектот Одби работа на црно. Да се контактира со надлежните институции за координација Душко Арсовски пренесено од претходниот колегиум

Да се аплицира за средства пред Агенцијата за туризам и да се организира презентацијата Душко Арсовски, Драган Величковски Добривој Николовски пренесено од претходниот колегиум

Во врска со стратешкиот план на општина Крива Планка да се организира состанок на кој ќе се разгледа состојбата со реализацијата на постојниот план и да се предложат нови содржини. Сите раководители се одговорни за доставување на податоци за изготвување на планот до одделението за економски развој. Во изготвување на планот да се поднесат барање до сите институции кои се под општина да достават свои предлози за планот, а да се вклучат и други институции, НВО, граѓани и слично. Да се одржуваат состаноци и да се води постапката , планот да се донесе до нова година. Душко Арсовски Драган Величковски и сите раководители пренесено од претходниот колегиум

Да се види за распишување на јавна набавка за видео надзор. Да се направи согледување за потребата од скенер, печатар, плотер за потребите на одделението за урбанизам и за електронско издавање на одобренија. Слаѓана Мицевска и Душко Арсовски пренесено од претходниот колегиум

Да се направи согледување за потребата од инвентар. Душко Аросвски 21.10.2014

ЈП КОМУНАЛЕЦ

Да се постави шахтата на ул. Осоговска Томе Тодоровски пренесено од претходниот колегиум

Да се изготви и достави план за чистење на оџаци, да се офороми цена за услугата и да се обучи вработен за оваа активност Томе Тодоровски и Оливер Стојановски 21.10.2014

Да се постават инфо таблите Томе Тодоровски пренесено од претходниот колегиум

Да се контактира и да се види за набавка(донација) на половни возила за отпад пренесено од претходниот колегиум

Чистењето на речните корита согласно на акциониот план да се заврши до Декември 21.10.2014

ЛУ ГРАДСКИ МУЗЕЈ КРИВА ПАЛАНКА

Изготвил И. Додевски Крива Паланка 20.10.2014година

Душко Арсовски	_____	Јаготка Николовска	_____
Татјана Ѓоргиевска	_____	Никола Граматиков	_____
Добривој Николовски	_____	Томе Тодоровски	_____
Бранко Велиновски	_____	Александар Ангелов	_____
Драган Величковски	_____		